MAVROVA VE ROSTUŞA BELEDİYE
Бр.-№ 04-47/8
08. 02. 2019 год.-yılı
Ростуша- Rostuşa

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен Весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 08.02.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административен службеник во Општина Маврово и Ростуше

1. Кандидатот **Илбер Имероски,** по пат на Интерен оглас број 01/209 се избира на работно место **Советник за Меѓународна соработка**, со шифра УПР 01 01 В01 000, во Одделението за нормативно-правни работи и јавни дејности во Општина Маврово и Ростуше..
2. По завршување на постапката за избор и конечноста на Одлуката, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше ќе донесе Решение за унапредување на избраниот административен службеник од точка 1 на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на поднесеното писмено барање, број 04-47/1 од 30.01.2019 година од Секретарот на Општина Маврово и Ростуше до Одделението за управување со човечки ресурси за започнување на постапка за унапредување на административен службеник со Интерен оглас 01/2019, во кое барање е наведено дека се обезбедени финансиски средства, а по објавување на интерен оглас на веб страната на Општина Маврово и Ростуше и Агенцијата за администрација на ден 31.01.2019 гдоина,

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник формирана со Решение број 04-47/5 од 06.02.2019 година, спроведе административна селекција по наведениот интерен оглас и состави записник и прилог ранг листа со бодирање на докази со број 04-47/6 од 08.02.2019 година.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник го закажа и спроведе интервјуто со единствениот кандидат Илбер Имероски за што состави записник од работата на Комисијата заради спроведување на интервју истиот ден во 12,оо часот, со број 04-47/7 од 08.02.2019 година. Финалната ранг листа од спроведеното интервју е доставена до Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше со прворангираниот кандидат.

Согласно финалната ранг листа која е составен дел од Записникот и со оглед на тоа дека наведениот кандидат е единствен кандидат кој ги исполнува потребните услови за наведеното работно место се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука за избор, кандидатот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена до Агенцијата за администрација, од денот на објавување на Одлуката на веб страната на Општина Маврово и Ростуше.

Доставено до:

- Избраниот административен службеник
- Одд.за управување со човечки ресурси
- Архива на општината

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски